# ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ

Сè додека ние внимаваме на Америка, Велика Британија, Франција, Германија, Русија, Грција, Кина, Израел итн. повеќе отколку на Господ, сè дотогаш Тој ќе ни скратува од нашето признавање. Треба во своето„чукање на небесната врата" да бидеме жестоко искрени, неповратно автентични, и на еден начин, крајно себични. Себични не во класична психолошка смисла, туку посветени на сопствената цел, сконцентрирани на себе од христолошки аспект. Перспективата на ова: на мојот ближен не може да му е добро ако мене не ми е добро, во овој случај е обратна од евангелската, каде што сме упатени на љубов кон непријателите, и тоа како condition sine qua non. Но еве, историјата покажува дека од причини, сега не е битно кои, Македонија се покажа како земја во која малцинствата имаат повеќе права од мнозинството, не во квантитативна смисла, туку идеолошки и политички: со тоа поимот„Македонец" од овде па натаму веќе не е толку еднозначен и за еднонаменска употреба, референтно на поимите за другите националности. Наводно нашиот етноним не соодветствувал на нашиот топоним! Но за ова ние самите сме одговорни, и тоа, заради начинот на кој ја водевме нашата дипломатска политичка активност во периодот по распадот на СФРЈ по инерција на изминатите 50 години, кога се функционираше по други разработени механизми од поинаков систем. Ние сè уште не можеме да воспоставиме систем, и затоа е толку лесно една организација од типот на OBSE да врши упад директно во членовите на нашиот несуден устав. Нашите права не се поставени на цврсти темели, точно заради лошата поставеност на релацијата пријател-непријател во нашата политичка позадина, ние сме како елемент којшто допрва ќе треба да се впише во периодниот систем на елементи, и тоа само доколку големите сили се смилуваат да ни дадат име. Во таа смисла, нашиот идентитет, сега засега е само отскочна штица од која поаѓаат интересите на буквално, сите околни пријатели во мигови кога им затребува повеќе или помалку од нашата територија, од нашата традиција, од нашиот дух, од нашите сопствени права во својата куќа. Сè додека не ја исцртаме границата, како круг со креда, од овде до тука и до таму, и тоа во буквална смисла на зборот, со жица, сè дотогаш, во нашата сопствена куќа сите ќе имаат повеќе права од нас самите, заради тоа што ние со своето непожелно однесување го генерираме ова како feedback, се разбира, непожелен.

Како и да е, деновиве во јавноста мошне често се дискутира на оваа тема, а со оглед на тоа дека од православен аспект нештата секогаш имаат поинаква позадина од вообичаено, на следниве страници за читателите на Премин го издвоивме овој воведен дел од текстот на Архиепископот на Албанската Црква, насловен како „Православието и правата на човекот".

уредникот

АНАСТАСИЈ, архиепископ Тирански и Албански

# ПРАВОСЛАВИЕТО И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## Со осврт на Светската декларација и православното предание

## А. ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ПОСТОЈНИТЕ ДЕКЛАРАЦИИ

### Неодреденост на поимот

1. Со проучување на слични декларации, меѓународни договори и останати текстови што се однесуваат на правата на човекот можеме да заклучиме дека постои извесна *неодреденост* во содржината на поимот *човекови права*. Постојаното трупање нови дефиниции само ја зголемува таа нејасност.

Во спомнатите текстови би можеле шематски да ги распоредиме следните последувателни слоеви: а) првобитниот темелен слој што постои во основата на сите декларации од овој вид, од најстарите до оние најмладите го сочинуваат: верата во слободата на поединецот, еднаквоста на сите луѓе без исклучок, достоинството на човекот; б) слојот што го претставуваат анализите на конкретни граѓански и политички човекови права со акцент на слободата на свест, мисла, говор, печат; со нагласок на правото на сите граѓани да стекнуваат јавни функции, правото на неприкосновеност на сопственоста, личната безбедност, поделбата на власта и владеењето на народот; в) слојот на најмладите текстови, којшто дава исцпрни дефиниции на економските, општествените и културните права на човекот.

Појдовниот интерес на декларациите за човекови права беше заштита на граѓаните од арбитражата на државата. Меѓутоа, понатаму тој интерес се прошири на заштита на човекот од арбитражата на други групации и носители на власт.

Во рамките на оваа студија како основен го зедовме текстот на Светската декларација за човековите права (Universal Declaration of Human Rights). Оваа Декларација претставува зрел плод на долгогодишно истражување и општествено-политички вриења, кои започнуваат со американската Декларација од 1776 година и Декларацијата за правата на поединците и граѓаните што ја изгласа француското Народно собрание во 1789 година. Светската декларација има јасни универзални перспективи и димензии. Притоа претставува и јадро за понатамошен развој на човековите права изнедрени од различни подоцнежни договори.

Православната свест не го достигна истото ниво на восогласеност кога станува збор за сфаќањето на поимот *човекови права*. Што се однесува до основното јадро на поимот, а кое го сочинуваат слободата, еднаквоста и достоинството на човекот, секако дека постои инстинктивна согласност и апсолутно одобрување. Повеќето дефиниции православната свест ги прифаќа како последица на општиот став за човекот. Меѓутоа, за многу категории таа не зазема став, оставајќи ги отворени за човековото самостојно мислење.

Меѓутоа, кога се зборува за согласноста или резервираниот став на православната свест, не смее да се заборави дека перспективата на декларациите и перспективата на религијата се разликуваат во почетните ставови.

Декларациите тежнеат да го регулираат животот на човекот како политичко битие, во просторот на кесаревата власт; тие се однесуваат на врските на поединецот и државата, додека за Православната Црква словото: „Подајте го царевото на царот а Божјото на Бога“ (Мат. 22, 21), јасно ја одредува границата на разликување на верската и државната сфера. Христијанската вера почнува со Бога и Нему Му се враќа. Православието не основа ниту усвои некој општествено-политички систем (како што тоа го стори исламот, на пример); тоа не ги апсолутизираше природните институции. Православието отсекогаш се стремеше и се стреми да ги вклучи природните институции во рамките на животот во Христа и Светиот Дух.

Притоа, постои јасна разлика во однос на средствата и длабочината на тие стремежи. Декларациите настојуваат да ги наметнат своите ставови во форма на правна и политичка принуда. Христијанската порака е насочена кон мислата и свеста преку лично убедување и вера. Декларациите, во својата основа, ставаат нагласок на надворешната согласност, додека Евангелието инсистира на внатрешна восогласеност, духовна преродба и преобразување. Следствено, секој обид да се разгледуваат човековите права од православна гледна точка мора да негува јасно чувство за тие разлики во перспективите.



## Прашање за претпоставките

2. Во официјалната книга што е издадена по повод триесетгодишнината на Светската декларација за човекови права се наведува: „Корените на овој интерес се наоѓаат во хуманистичките традиции на ренесансата, борбата за самовласност, независност и еднаквост која се одигра и која и понатаму се одвива во многу краишта на светот, а која е олицетворена во философските идеи на луѓе како Англичанецот Џон Лок, Французот Жан-Жак Русо, Американецот Томас Џеферсон, Германецот Карл Маркс и Русинот Ленин, како и на влијанието на настани како издавањето на Magna Charta на англискиот крал Џон во 1215, усвојувањето на законот Habeas Corpus во англискиот Парламент во 1679, објавувањето на Декларацијата за независност на претставниците на тринаесет северноамерикански колонии во 1776, усвојувањето на Декларацијата за правата на човекот и граѓаните на француското Народно собрание во 1789 и објавувањето на Комунистичкиот манифест во 1848 година.

По однос на апсолутната историска точност на насловувањето на наведените акти може да се изразат одредени резерви. Како прво, би било корисно да се потсети дека прочуената Magna Charta не беше толку победа на признавањето на правата на народот колку успех на благородниците во воспоставувањето права во однос на кралската власт. Исто така, постулатите на Декларацијата за човекови и граѓански права на Француската револуција (1789) - иако се верува дека ги изразија универзалните, глобални вистини - во длабочина ги одразија интересите на граѓанската класа која и ги состави. Токму затоа правото на сопственост е нагласено како неприкосновено право. Исто така со различни одредби на Декларацијата е постигнато на средната класа да ѝ се отворат можности за стекнување на важни позиции. Но, сето тоа не значи потценување на значењето што тој текст го имаше за подоцнежните општествени случувања.

„Корените“ од коишто пркна стеблото на човекови права сигурно се постари и посложени од текстовите во коишто човековите права обично се спомнуваат. Се врзуваат за религиозните убедувања и основните одлики на големите религии. Особено Западниот свет, без сомнение, многу му должи на Евангелието, чиешто семе, развивајќи се, ја олесни потрагата што грчката мисла ја предизвика во ренесансата. Текстовите за правата на човекот, дури и во оние точки во коишто беспоговорно стојат на христијанските принципи, го претпоставуваат христијанското наследство, а тоа значи не само конкретен систем на размислување и конкретна слика на светот, формирана со придонес на христијанскиот и грчкиот дух, туку и традиција на самокритика и покајание.

Француската револуција, истакнувајќи ги „светите права на луѓето и граѓаните“, ги формулираше тие начела „во присуство на Врховното Битие и очекувајќи Негов благослов и Негова благодат“. Другите, подоцнежни декларации стануваат понеутрални и избегнуваат осврти на натчовечкото Начело. Автономијата на човекот јасно се воздигнува и целата градба се заснова на природното право. Како основа се поставува човековиот разум, а понекогаш доаѓа и до обожување на логиката. На ова место искрснува првата интервенција на христијанската мисла: дали се човековите права само недоумица и плод на човечко промислување или се вродени?

Зад познатите декларации се крие спорна идеологија. Преовладува концепцијата дека е човекот автономно суштество коешто само по себе може да се развива, првенствено со помош на умот и сопствените внатрешни сили. Таа теориска поткрепа на човековите права прилично е поедноставена; имено, се потпира врз антропологијата којашто е рамнодушна кон координатите на тајната за човекот. Но, ќе биде потребно, со поширока анализа, да се вратиме на ова подоцна. За сега ќе се ограничиме на тоа да укажеме дека, при сите трагични настани што се случија во нашиот век, лесно може да се констатира колку наивен беше обидот севкупната градба за човековите права да се потпре само и единствено врз разумот. Обожувањето на човечкиот ум се појави како замена за верата во Бога - а сепак сомнежот во моќта на разумот не го успори негирањето на живиот Бог. Наскоро се издигна владението на Неразумниот.

## Поедноставен хипероптимизам

3. Низ текстовите на декларациите за човекови права провејува лесен хипероптимизам во однос на човечката природа. Меѓутоа, последните децении придонесоа кон развојот на подлабоко спознание за ѕверството на човекот, развој на свеста којашто често води во очај. Историските случувања сè повеќе ја нагласуваат трагичноста на човекот и контрадикторноста на неговата природа. Секојдневниот живот, околу нас и во нас, ја покажува моќта што ја има престапот, она што во христијанската терминологија се нарекува грев.

Во секоја пригода се зборува за човекови права, а скоро сите, кога можат, ги кршат. Теориското признавање на човековите права не е доволно. Овде не недостасува знаење туку волја. Заради тоа денес, кога станува збор за декларации за човековите права, повеќе се зборува за разочарување отколку за ентузијазам. На крајот, премолчно „право“ на секој моќник стана правото да го гази послабиот од себе.

Во современото повеќеобразно општество голема опасност по кршењето човекови права не претставува само државата, чиишто разни декларации се обидуваат да го заштитат поединецот, туку и различни други облици на вондржавно владеење кои на разни начини ги газат правата на човекот. Според христијанското сфаќање, во човечкото битие постои вродена антиномија помеѓу трагедијата на човековиот грев и можноста тој да се надмине.

## Едностраност што бара урамнотеженост

4. Исклучителното нагласување на човековите права без нивно восогласување и однос со должностите е разбирливо за првобитните декларации, со оглед на тоа дека биле изнедрени во време на револуции против државните власти и дека настојувале да ги заштитат граѓаните од арбитражата на државата. Меѓутоа, денес, во трезвената клима на универзалната, соборна перспектива, таа едностраност мора да се надмине. Изолацијата на правата од соодветните обврски се заканува да ги уништи самите човекови права, бидејќи се губи рамнотежата. Основен елемент во човековата ипостас и човековото достоинство не е само да се избори за права туку да има и одговорност за она што го прави. Еднострано нагласување на правата ја олеснува нивната злоупотреба и, освен тоа, се заканува да одведе во некаква болна индивидуализација. Токму заради цврстата поткрепа на тие права потребно е напоредно нагласување на должностите и одговорностите.

Исто така, јасна е потребата за ускладување на индивидуалните и општествени права. Правилен исказ не е исклучително *мои права* или *негови права*, туку *обете*, во заеднички однос. Точниот однос го одредува евангелското слово: „Возљуби го својот ближен како себеси“ (Марко 12, 31). Најпосле, станува збор за надминување на *тебе* и *мене*, за издигнување во заедница на личности.

На ова место ние, христијаните, одиме во чекор со средишното индиско искуство коешто одлично го изрази Махатма Ганди во одговорот (1947 г.) на генералниот директор на Унеско г-дин Хаксли: „Дознав од мојата неписмена но мудра мајка дека сите права што заслужуваме да ги уживаме и чуваме произлегуваат од обврските кои се извршени. Така и ова наше право на живот има смисла само кога ја извршуваме нашата должност како граѓани на светот.“ Основен составен дел на човековото достоинство останува одговорноста.

## Нејасност и неодреденост на основните термини

5. Преамбулата на Светската декларација зборува за „верата во основните права на човекот, во вредноста и достоинството на човековата личност“ итн. Во член 29 се навестува „слободен и полн развој на човековата личност“, а на друго место се упатува барање „да бидат задоволени праведните барања на моралот, јавниот ред и општото добро во демократското општество“. Овие фрази без сомнение претставуваат простор во стандардизираните правни рамки на целата Декларација во којшто се шири хоризонтот на смислата на човековата личност. Меѓутоа, очигледна е философската несигурност и неодреденост која постои во основните термини како што се 'морал', 'демократско општество', 'личност'. Секако јасно е дека составувачите на текст кој треба да биде општоприфатен, кој треба да го прифатат луѓе и народи со разни религиски концепции, морале да избегнуваат јасни осврти на општиот антрополошки проблем. Но, таа оправдана намена не го менува фактот дека Светската декларација во својот конечен облик остана неодредена во антрополошка смисла.

Општо земено, православната мисла ја смета дискусијата за човековите права за извонредно важна и ја смета за предворие на суштинските 'права' на човекот. Во севкупното трагање и обидот за одредување на човековите права како основни остануваат следните прашања: *Каде почнуваат тие, каде завршуваат и каде водат?* Декларациите остануваат затворени во легалистичко-детерминистичкиот опис, додека истовремено изразуваат и надеж и криза. Сигурно дека во време како што е нашето, во кое се забележува толкава повеќеобразност на идеолошки ставови, не е можно постоење на философско-религиски договор за овие преобемни прашања. Овде ќе забележиме само тоа дека за православната свест, што и онака е наша тема, сè што е напишано во постоечките декларации претставува појдовни формулации, а на човекот не му осигурува престанок на робувањето ниту на сопствениот егоизам - што е понепожелно од власта која треба да се укине, ниту на сложените чинители на повеќеобразните и безлични структури на современото технолошко општество. Ова предупредување има темелно значење за да не се доведеме во заблуда дека е доволно да се прифатат декларациите за човекови права и со тоа да се обезбеди човековото достоинство.

ПРАВОСЛАВИЕТО
И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

* * *

Се подразбира дека е неопходно да се побара заедничка основа за договор во плуралистичкото општество во коешто денес живееме. Исто така е потребно да ја сочуваме живата свест за тоа дека во часот кога доаѓа до разни компромиси заради постигнување согласност се губи нешто од соборната и конечна вистина за тајната на човекот. Заради тоа, останувајќи доследни и приврзани кон човековите права, исто така треба да останеме отворени и на друго поле, на полето на подлабоки и посуштински човекови права, а кои ниедна правна декларација не може да ги опфати. И токму од оваа точка и натаму актуелноста на Црквата ја наоѓа својата оправданост.

